РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 08-1566/1
14-04-2021 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на второто продолжение на 47-та седница одржана на ден 13.04.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на __________, министер за ______________ во Владата на Република Северна Македонија СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4168/1 од 04.09.2019 година.

Предметот со број 08-4168/1 од 04.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-4168/1 од 04.09.2019 година за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на __________, министер за ________________ во Владата на Република Северна Македонија е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на _________________ и имотот на членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од наведените институции, како и по нивно споредување со податоците од анкетниот лист на ___________, министер за ____________ во Владата на Република Северна Македонија, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

*По заклучок од седница на ДКСК:*
*Изготвил: А.Ч.,*
*Одобрил: Г.Т., член на ДКСК*

***ДРЖАВНА КОМИСИЈА***
***ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА***
***Претседател,***
***Билјана Ивановска***

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk